РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 219/6
02.05. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и извештајот од Стручната комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии формира на 23 седница одржана на 17.02.2025 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 27-та седница одржана на 08.04.2025 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за акредитација на ментор на докторски студии

1. Д-р Христина Манцуковска, вонреден професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Базична медицина, од трет циклус на студии (бр. на акредитација 08-489/6 од 20.08.2021 година).
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По донесеното барање бр. 0905-244/2 од 12.02.2025 година (наш бр.08 - 219/1 од 12.02.2025 година) за акредитација на ментор на докторски студии, на студиска програма Базична медицина, на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, за проф. д-р Христина Манцуковска, Одборот за акредитација на високото образование, на 23 - та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, заверено со бр. 08 - 219/4 од 09.04.2025 година, согласно Законот за високо образование* и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 27 - та седница одржана на 08.04.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Марјан Ѓуровски